Друштво за управување со пакување и отпад од пакување
ПАКОМАК ДОО
Бр. 03-6463
31. 10. 2023 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 08-4978/1
19. 10. 2023 год.
КРИВА ПАЛАНКА

# ДОГОВОР ЗА ДОНАЦИЈА

Склучен на ден ________ **2023** година ,помеѓу Договорните страни:

**1. Пакомак Доо Скопје,** со седиште на бул. Партизански одреди Порта Влае блок 4,со ЕДБ 4057010510526, претставувано од управителот Филип Ивановски во понатамошниот текст како Примател на донација

и

**2.** Општина Крива Паланка со седиште на ул.Св. Јоаким Осоговски бр.175, Крива Паланка, со ЕДБ: МК 4015005104833 застапувана од Градоначалник Сашко Митовски во поматамошниот текст како Дават**е**л на донација

**Член 1**

Предмет на овој Договор е уредување на меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со остварување на донација: парични средства како поддршка на проект од јавен интерес „ Паметно управување со отпад од пакување „..

**Член 2**

Давателот на донацијата ќе донира парични средства на Примателот на донацијата со цел поддршка и вклучување на општина Крива Паланка во проектот од јавен интерес „Паметно управување со отпадот од пакување „ со кој преку поставување на повратни вендинг машини за собирање на пластични шишиња и алуминиумски лименки, се поттикнува создавање на навики кај населението за селектираното собирање на отпадот од пакување и негово рециклирање како и подигнување на еколошката свест за бенефитите од селекцијата и рецклирањето во насока на заштитата и унапредувањето на животната средина.

**Член 3**

Паричните средства Давателот на донацијата се обврзува да ги донира на квартално ниво, а за секој дониран паричен износ од страна на Давателот на донацијата, Примателот на донацијата се обврзува да потпише потврда за примена донација во која ќе биде содржан износот на финансиските средства кои ги примил како донација.

Паричните средства, давателот на донацијата се обврзува да му ги исплаќа на примателот на донацијата на неговата трансакциска сметка 250001002708705 Депонент Шпаркасе банка.

**Член 4**

Примателот на донацијата е должен примената донација да ја користи само во согласност со намената и целта заради која се дава донацијата.
Донацијата која ја дава Давателот на донацијата не создава директна корист за Давателот на донацијата ниту обврска за враќање на донацијата од страна на Примателот на донацијата.

**Член 5**

Дарателот и примателот на донацијата имаат право на даночни поттикнувања предвидени со Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

**Член 6**

Договорот за донација и Извештајот задолжително се доставуваат до УЈП, за користење на даночните поттикнувања согласно Законот за донации и за спонзорства на јавните дејности.

Давателот на донацијата согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности, ќе поднесе барање до Министерство за правда за издавање на решение со кое се потврдува јавниот интерес за предвидената донација.

**Член 7**

Овој Договор се склучува на неопределено време. Истиот стапува на сила од датумот на негово склучување.

**Член 8**

Страните се согласни дека ќе се обидат да ги решат сите евентуални спорови во врска со овој Договор со меѓусебни преговори.
Доколку преговорите не успеат, надлежен за решавање на споровите помеѓу страните е Основен Суд Скопје 2.

**Член 9**

За сешто не е предвидено во овој Договор, важат одредбите од Законот за облигациони односи и Законот за донации и Спонзорства во јавните дејности.

**Член 10**

Овој Договор е изработен во 2 (два) идентични примероци по 1( еден) за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| **Примател на донација** | **Давател на донација** |
| ПАКОМАК ДОО Скопје | Општина Крива Паланка |
| Управител | Градоначалник |
| Филип Ивановски | Сашко Митовски |